број 11 | 2018

roma index



ОБРАЗОВАНИЕ:
ВРАЌАЊЕТО ВО ЗАЕДНИЦАТА ЗНАЧИ ПОДОБРА ИДНИНА

АНАЛИЗА:
РОМИТЕ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА?!

ВИДЕО:
ГЕНЕРАЦИСКА СРЕДБА - ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА МЛАДИТЕ РОМИ ВО РМ

Рома Индекс е електронски весник на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

Како гласило на Здружението, препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, наша цел е да го информираме, едуцираме и забавуваме читателот за прашања од секојдневниот живот, поврзани со образованието, младите, ромскиот идентитет и актуелни теми и проблеми со кои се соочува општеството. Да информираме за успешни личности, но и да изградиме индивидуалци кои активно ќе бидат вклучени во процесите на креирање и донесување јавни политики на локално и на национално ниво.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот се обезбедени од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Изнесените мислења и ставови во ова електронско списание не го одразуваат ставот на организацијата и донаторот.

За издавачот:
Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“
- ISSN 2545-4005

Проектен тим на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“:
Силхан Саитов, Проектен менаџер
Сеара Сулејман-Османи, Финансиски офицер
Фикрија Таир, Проектен координатор
Инес Амет, Проектен асистент

Контакт:
Адреса: „11 октомври“ бр.8/1-2, 1000 Скопје
Телефон: 076/22 55 68
e-mail: office@romaversitas.org.mk

НОВИНАРСКИ ТИМ:

Одговорен уредник за Рома Индекс бр.11
РУФАТ ДЕМИРОВ, студент на Правен факултет "Јустинијан Први"- Скопје, УКИМ

ИДРИЗ ДУРМИШ, студент на Природно-математички факултет, УКИМ

ЕЛСОН ИЉАЗ, студент на Бизнис Администрација, УГД

ЛЕБИШКА СЕЛОСКА, студент на Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ

СУНАИ САБРИОСКИ, новинар Ромаверзитас Алумни

ИНФО

автори: Лебишка Селоска и Руфат Демиров

Се одржа Рома фест

Дваесет и пет музички имиња беа дел од овогодинешниот концерт на ромска традиционална музика Рома фест, кој минатата недела се одржа во Македонската опера и балет. Познатиот Хусеин Еминовиќ и диригентот Иван Еминовиќ ја потсетија публиката на звукот на традиционалните песни на ромската заедница во Македонија. Како дел од...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

Ромаверзитас бара волонтери

Помош и поддршка во спроведување активности, во административни работи и односи со јавноста, развој на мултимедијални содржини (фотографии и видео), преводи и уредување на документи, волонтерско спроведување одредени професионални услуги и учество во активности за лобирање и застапување бара здружението на граѓани „Ромаверзитас“.

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

Владата го одбележа Светскиот ден на ромскиот јазик

Светскиот ден на Ромскиот јазик, свечено, беше одбележан и од Владата на Република Македонија. Во своето поздравно обраќање, премиерот на Република Македонија, Зоран Заев го честиташе..

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

“KO SIJAN TU?” – втора дебата од Ромаверзитас

По повод Денот на ромскиот јазик, студентите Роми дебатираа на тезата „Развивањето на ромскиот јазик е главен детерминатор за развојот на ромскиот идентитет“. Ова е втора дебата од проектот „Биди дел од заедницата – дебатирај“ на организацијата...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

ИНТЕРВЈУ

автор: Сунаи Сабриоски

Интервју со Елвис Шаќири

Проследете го интервјуто со Елвис Шаќири - основач на Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“ и менаџер на програмата Право.

Тема на интервјуто: Попис, пропорционална застапеност и позиционирање на ромската заедница.

ЛИНК КОН ИНТЕРВЈУТО

ВИДЕО ПРИЛОГ

Генерациска средба - Потенцијалот на младите Роми во РМ

Целта на настанот беше алумнистите и студентите по повеќе од една декада да се соберат на едно место, да дискутираат на теми и артикулираат нивни перспективи за прашања како што се: „Каде сме сега ? Каде сметаме дека треба да бидеме ? Како да се движиме до посакуваната позиција ? Како да ги искористиме нашите потенцијали за да и' помогнеме на нашата заедница? “. Целта на настанот произлегува од тековниот контекст за потребата од потикнување на заедница и индивидуи, движења, групи и структури кои се организирани и меѓусебно поврзани, а водени од заеднички интерес и повисоки цели.

ЛИНК КОН ВИДЕО ПРИЛОГОТ

ВРАЌАЊЕТО ВО ЗАЕДНИЦАТА ЗНАЧИ ПОДОБРА ИДНИНА

автор: Елсон Иљаз

„Rom-Romeske" или „Ром за Ром" е правило кое отсекогаш важело меѓу ромскиот народ. Овој термин, во минатото имал поинакво значење и насочувал кон тоа Ромите да градат емоционална приврзаност кон фактот да им помагаат на останатите Роми, што се должело само на нивното воспитување од родителите. Ова враќање во заедницата се базира на сентимент.

Ромите секогаш се идентификувале со терминот „Amaro" кој значи "Наш/Нашинец". Припадниците на останатите националности ги именуваат со терминот "Gadzo" (Не-Ром). Уште од дамнешни времиња, Ромите живееле во непосредна близина на други Роми и ова им давало ниво на безбедност. Тоа им давало одредено ниво на комфор, што се уште го прават. Но, кон крајот на минатиот век, се популаризира граѓанскиот активизам со единствена цел – да се унапреди социо-економската состојба на Ромите преку различни сеопфатни програми.

Во најново време се развива концептот „ВРАЌАЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА", на кој размислуваат дипломираните Роми, актуелните студенти, граѓанските организации и сите ромски активисти. Најчесто, овој концепт се поврзува со стипендиите кои што ги добиваат учениците и студентите Роми. Согласно овој концепт, секој којшто користел стипендија и го заокружил своето образование е должен, во иднина, да не го заборава својот народ. Исто така е должен, без разлика на функцијата, да и врати на својата заедница преку застапување на интересите на заедницата или индивидуално, во својата сфера на делување. Тезата на овој концепт главно е да ги извади Ромите од „калта" и да се размислува колективно, односно да не се делува само индивидуално.

За тоа како размислуваат младите активисти, Ромаиндекс одлучи ИНТЕГРАЛНО да пренесе изјави на неколку активни Роми во застапување на ромскиот интерес и враќаат во заедницата.

Ајсел Амет
Национален координатор на РЕФ/Програмата за стипендирање во Македонија

Програмата за стипендирање при Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта веќе 11 години, финансиски, преку стипендирање, ги поддржува студентите Роми при студирањето. Досега, РЕФ во Македонија додели 1.912 стипендии на 731 студент.

Главната цел на Ромскиот Образовен Фонд/Програма за стипендирање (РЕФ/ПС) е да придонесе кон појава на критична маса Роми со високо образование, кои се сигурни и горди на својот Ромски идентитет, со академски и социјални вештини, како и со стекнати вештини и компетенции кои им овозможуваат да станат професионалци во својата област и кои остануваат цврсто поврзани со ромската заедница во понатамошна поддршка на нејзиниот напредок и вклучување во поширокото општество.

За да се постигне оваа цел, РЕФ ПС обезбедува поддршка за студентите Роми за да го олесни нивниот пристап до високото образование во нивните земји на живеење или во странство, да ги поддржат нивните академски напори во текот на нивните студии и успешно да дипломираат.

Стипендиите се обезбедуваат за една академска година а студентите можат да ја обноват својата апликација и да се пријават на конкурсот за стипендии кој е достапен секоја година во април.

Следејќи ја филозофијата на Програмата за создавање критична маса на ученици Роми, кои остануваат цврсто поврзани со ромската заедница и го поддржуваат нејзиното натамошно унапредување и вклучување во поширокото општество, од 2017 година РЕФ/ ПС воведе нов елемент во конкурсот за стипендија - волонтерски активности во корист на ромската заедница.

Учеството во доброволни активности поврзани со Ромите, иницијативи, проекти и настани, спроведени преку организации и/или институции или преку неформални групи на иницијативи, или на приватна /индивидуална основа.

Ова се само дел од областите со кои РЕФ стипендистите и враќаат на заедницата:

- Мобилизација и развој на заедниците, подигнување на свеста, застапување.
- Образование, градење капацитети и зајакнување на млади Роми, здравствена грижа.
- Ромски идентитет, култура и историја.
- Истражување, анализа, развој на политика, локални акциони планови.

Концептот „враќање во заедницата“ произлегува од самата потреба за постоење на Програмата. Колку повеќе расте бројот на дипломирани, толку се подобри можностите и иднината на секој од нас. Програмата за стипендирање е инвестиција на подолг рок. Со оваа инвестиција се подигнува свеста и нивото на размислување на ромската заедница во целост.

Стипендистите и дипломираните Роми се гласот или линкот помеѓу заедницата и општеството генерално.

Тие го пренесуваат гласот на заедниците и ја прошируваат моќта за ромскиот индентитет, ги менуваат ставовите на не-Ромите за предрасудите и стереотипите кои ги имаат кон Ромите, влијаат или се дел од процесите за менување на јавни политики, го подобруваат пристапот на ромската заедница до јавните услуги. Што е најбитно, генерациски се зајакнува ромскиот идентитет и самопрезентацијата за Ромите во општеството.

Инвестирањето во младите Роми значи подобра иднина на ромската заедница.

Учењето и образованието е клучот за успех и подобра положба во општеството. Личниот успех е достигнување и на заедницата!

Очекувањата не можеме да ги реализираме веднаш и да ги почуствуваме сите и сега! За тоа треба време и трпение. Многу битна алатка е оддржувањето на конзистентност и кохезивност на групата, преминот од едно ниво на друго и можностите за влез во системот на државата, во креирањето на политики.

Програмата, заедно со студентите, дипломираните и заедницата ќе може да го реализира достигнатиот успехот во пракса, само доколку постои заеднички и колективен настап. Поддршката треба да биде взаемна за на крај, заедницата да го добие бенефитот од целата заложба.

Ален Умер
наставник по ромски јазик

Концептот враќање на заедницата, за мене, значи дипломирана академска заедница која со својата експертиза и со своите вештини е подготвена да придонесе во локалната средина каде што престојува или е потребен/а на државно ниво. Целта на давањето на стипендии е тоа што „одзема“ дел од финансискиот притисок кај студентите и семејствата и овозможува подобар успех во образованието, помагајќи заслужните студенти да дипломираат навремено и со својот стекнат степен на образование / професија да придонесат во општеството, односно да враќаат во својата заедница. Стипендијата поттикнува поголемо чувство на припадност и мотивација за постигнување на подобри резултати во високото образование. Таа е важна од финансиска перспектива – круцијална за студентите во нашата заедница.

Дали алумните Роми враќаат на својата заедница е дискутабилно? Најпрво, треба да согледаме на колкумина дипломирани Роми им било дадена можност да се борат на пазарот на трудот и својот степен на високо образование да го применат во својата заедница и секако, дали самите алумни се обидоа да конкурираат за да придонесат во општеството. Од реална гледна точка, најчесто, дипломираните Роми својата перспектива ја бараат надвор од нашите граници бидејќи не им е дадена доволна можност своите вештини да ги применат на пазарот на трудот. Секако, за жал, најголемиот дел од вработувањата во државниот сектор со кои академските Роми придонесуваат кон својата средина, е заради тоа што за таа позиција е предвидено вработување на индивидуа од немнозинска заедница или конкретно ромска заедница.

На дипломираните Роми кои биле изложени на методи на работа и се подготвувале за академска работа, треба да им се даде поголема можност и еднаков пристап за да функционираат во амбициозна и компетитивна средина која би ги „мотивирала“ да извадат повеќе од себе, да станат предводници на развојот на државата, за подобар живот на граѓаните и за попросперитетна иднина на државата во која што живееме. Ако алумните Роми се држат во изолација, секако дека нема да имаме конкуретна влијателна академска и иновативна заедница. Како што е важно

искуството, така се важни и младите Роми кои допрва треба да се докажат и кои треба да го трасираат нивниот натамошен развој. Доколку досегашниот пристап се промени и се примени новиот пристап, но и доколку се создадат услови за мобилност на нашата академска заедница за да се стекнат вештини и знаење во интернационално окружување, кои подоцна би се пренеле и примениле во земјава, секако дека Ромите ќе придонесат кон оваа мисија со нивната работа во општеството и во заедницата во која живееме.

Елвис Мемети
претседател на Ромаверзитас

Концептот за враќање во заедницата треба да произлегува сам од себе. Всушност, што е суштината на едно поддржано студирање (без разлика дали е од родителите, од стипендии итн.). Мислам дека тоа го должиме на нашите родители кои не поддржуваат и охрабруваат во текот на образованието, но и на заедницата во чиешто име ја користиме стипендијата.

Нашето знаење е празно доколку не го ставиме во функција на ...? Тоа е концепт според кој сето она што го знаеме, учиме и работиме, добива вредност и значење тогаш кога се внимава на колективниот интерес или за заедницата. Во грчко време, тие кои што не се занимавале со општите и заедничките работи биле нарекувани „идиоти“.

Еден студент додека учи и студира, потенцијално, има најмногу време за развој и најмногу работи држи под своја контрола. Како што минува времето, понатаму сé повеќе работите зависат од нешто (од шефот, од контекстот, од семејството, од системот итн.). Затоа треба да го поттикнуваме учењето преку пракса и ставање на нашето знаење во функција на нашата заедница.

Тогаш и да грешите, повторно сте во право, затоа што Вие сакате да вратите во вашата заедница со знаењето што го имате. Пред некој ден учествуваме на семинар со 30-тина млади студенти од различни земји, каде што двајца од учесниците беа студенти од Ромаверзитас.

Навистина беше гордост да се учествува на овој семинар и да се биде сведок на нашите студенти кои ги образложуваат најбитните датуми за Ромите, горди на својот идентитет и постигнување. И тоа, само по себе, спонтано и неорганизирано.

Нашиот потенцијал за враќање во заеницата недоволно е искористен оти системот е заразен – доминира пасивната култура наспроти практичната употреба на знаењето и активизмот. Тоа може да се подобри доколку од почеток се разбереме дека ова не е ништо спротивно на нашиот личен интерес. Напротив, повеќе ќе знам доколку она што го знам го реши проблемот со кој се соочувам јас, но и заедницата.

Стипендијата или каква било поддршка од наши блиски луѓе има значење само тогаш кога го даваме она што го добиваме. Нели, оној што дава и враќа во заедницата е посреќен и поуспешен поединец.

Мухамед Ајваз
психолог - алумни

Генерално, концептот Враќање во заедницата може да се вметне во различни контексти. За мене тоа подразбира, доколку државата овозможува бесплатно и квалитетно образование, лекување, институционални и други услуги, ние како совесни граѓани, активно треба и мора да придонесуваме во оддржување на буџетот на Републиката преку плаќање на придонеси и даноци. Со тоа овозможуваме претходно наведените услуги да ги добиваат сите граѓани во Македонија. За жал, ова не е во случај со Ромите во нашата земја. Доказ за ова се различните извештаи од граѓанскиот, но и од јавниот сектор во државата (Стратегија за Ромите во Р. Македонија 2014-2020, Министерство за труд и социјална политика, 2014).

Во услови кога сите заедници не се со иста почетна положба, меѓународната заедница, преку различни фондации, донации и проекти, веќе долго време вложува во вкупно пет гранки поврзани со Ромите: здравство, домување, образование, вработување и социјална заштита.

Новите генерации, пред сè, поради бенефициите во образовниот систем, стипендии во средното и високото образование (вклучувајќи постдипломски и

докторски студии), етничката квота и полесниот влез во средните и високите образовни институции, бесплатните курсеви за јазици, компјутери, менторство и туторство и други поволности, имаат должност и обврска да и помагаат на својата заедница преку волонтирање, лобирање и застапување во рамки на своите работни места и искористување на своите контакти кои ги стекнале за време на образовниот процес, бидејќи биле поддржани со финансии наменети за Ромите во полза на унапредување на нивните права.

Конкретен чекор за подобрување на ова прашање е преку задолжителна средба на донаторите со сите стипендисти, средба на која нема (само) да се утврдуваат нивните академски знаења, туку стипендистите ќе се обврзат дека ќе волонтираат како психолози, економисти, медицински сестри, лекари, правници (во рамки на својата професионална определба) во најзагрозените ромски населби, како Брсјачка Буна б.б и Бараки (Шуто Оризари), под Кале, Топаана и слични локации, бидејќи само на овој начин ќе увидат во каква состојба живеат Ромите, зошто треба да враќаат на заедницата и дека тоа што тие се интегрирани во општеството и се дружат со не-Роми кои им викаат ,,Ти не си како нив, ти си многу подобар и поразличен од 'Циганите' кои живеат во моето маало", не е суштината на стипендирањето и овозможувањето бенефиции само за нив од меѓународните институции.

Руфат Демиров
студент претставник на корисниците
студенти на Ромаверзитас

Многу е лесно да се забележи недоволното, неадекватното или неканализираното и некоординирано враќање во ромската заедница од оние кои биле корисници на афирмативни политики во име на подигнување на ромскиот етникум. Лесно се забележува тоа невраќање поради лошата ситуација во која, сé уште, се наоѓа ромскиот народ. Ситуацијата покажува колку ромските академци враќаат во заедницата. Од друга страна, имаме и ситуација каде постои желба за враќање во заедницата, но не постојат разработени механизми со кои Ромите кои се школувале, во име на благосостојба на својот народ, ќе имаат можност да работат на колективно издигнување на институционален начин.

Погрешно е враќањето на заедницата да се сведува само на краткорочни активности и индивидуални помагања.

Вистинскиот колективен напредок се крие во притискање и работење за создавање програмски решенија и политики кои, континуирано и константно, би постоеле и би биле стимулатори на прогресот на Ромите.

Честопати се случува на Ромите да им се нудат огромна поддршка за студирање и професионално развивање. Но, според мене, ромската заедница губи кога тие изградени лица се остваат сами да се снаоѓаат и да влегуваат во разно разни кругови за да се вработат.

Стратешки би било попаметно тие луѓе да се регрутираат и да се вработуваат во делови на општеството каде професионално припаѓаат и каде може, постојано, да бидат во контакт со својата заедница и констатно да враќаат. И тогаш, враќањето во заедницата ќе биде поврзано со нивната професија и работа. Нема да биде должност за која понекогаш нема желба, мотивација или фактичка можност да се оствари.

КАКО НАСТАНАЛ ЖИВОТОТ?

автор: Идриз Дурмиш

Не постои човек кој, барем еднаш во животот, не се прашал како и од каде настанале живите организми. Впрочем, тоа е едно од најголемите прашања и предизвици кои ги поставиле науката и човештвото. Благодарение на развојот на науката, на рационалната мисла и на технологијата, на површина полека излегуваат одредени одговори на прашања кои ги мачат сите научници, но и секој обичен човек. За настанокот на живиот свет постојат неколку теории. Во овој текст ќе се споменат само оние кои се најверојатни и експериментално се докажани.

Се претпоставува дека самиот универзум настанал со т.н. Биг Бенг експлозија пред 13,8 милијарди години. Нашата галаксија, Млечен Пат, настанала пред околу 13,4 милијарди години. Сончевиот систем, со вкупно 8-те планети, настанал пред околу 4,5 милијарди години.

Планетата Земја е трета планета по ред во однос на Сонцето и се наоѓа на т.н. „хабитална зона", тоа е зона или растојание од Сонцето во кои има поволни услови за развој на животот (услови кои овозможуваат присуство на вода во течна состојба, соодветна температура и слично). На почетокот на формирањето, нашата планета ниту најмалку не изгледала како денес. Немала никакви услови за живот, отсуствувал молекуларниот кислород, била бомбардирана од метеори и комети, имало присуство на активни вулкани, дејствувале ултравиолетово и космичко зрачење. Активните вулкани ослободувале најразлични гасови, како што се метан, водена пареа, амонијак, сулфуроводород и јаглероден диоксид (неоргански соединенија) кои учествувале во формирање и на првобитната атмосфера. Прашањето кое се поставува е како настанал животот на нашата планета?

Треба да се знае дека карактеристично за живите организми е тоа што во најголема мера се изградени од органски соединенија (протеини, јаглехидрати, липиди и нуклеински киселини). Во 1923 година, рускиот научник Александар Опарин ја изјавил својата хипотеза за настанок на органските од неорганските соединенија. Според него, првите прости органски соединенија се создале од гасовите на првобитната земјина атмосфера метан, амонијак, јаглероден диоксид, водена пареа итн. под дејство на електрично празнење (грмотевица).

Оваа хипотеза била докажана во 1953 година од страна на Стенли Милер и Харолд Уреј. Во лабораториски услови, тие успеаја да ги „имитираат" условите кои преовладувале на првобитната Земја. Во колбите, кои биле исполнети со гореспоменатите гасови, Милер и Уреј додале искри (електрични празнења, т.е симулација на грмотевици) кои, всушност, претставуваат акциона енергија за трансформација на неорганските во органски соединенија (абиогенеза). По експериментот, во колбите имало присуство на одредени прости органски соединенија, како на пример аминокиселини, кои претставуваат мономерни молекули од кои се градат протеините. По ова, направени се повеќе експерименти кои вклучуваат абиогено создавање на органски соединенија и добиени се различни прости јаглехидрати, најразлични аминокиселини, дури и пурински и пиримидински бази (азотни бази кои влегуваат во состав на RNA и DNA).

Втората теорија е наречена Панспермиа, дадена од страна на Фред Хојл. Според Панспермиа, органските молекули на Земјата се создале на друго место во

Универзумот, односно Сончевиот систем. Потоа, преку спори дошле на планетата Земја, носени од метеорите кои паѓале на Земјата. Основа за развој на оваа теорија е пронаоѓањето на т.н. „хондрични“ метеорити на Земјата со старост од околу 4,6 милијарди години кои содржат мала количина органски соединенија, како што се аминокиселини, јаглехидрати, масни киселини и гванин. Оваа теорија е помалку веројатна, затоа што простите органски молекули најверојатно би биле денатурирани (биолошки нефункционални) под дејство на ултравиолетовото и космичкото зрачење.

Меѓутоа, како се создале покомплексните органски соединенија. На пример, протеините? Тие се едни од најважните органски соединенија кои ги градат клетките. Претставуваат големи молекули изградени од аминокиселини. Интересен е фактот што кога аминокиселините ќе се додадат на жешка карпа (симулирајќи ги првобитните услови на Земјата), тие формираат пептидна врска меѓу себе и така се создаваат протеини. Истиот овој процес може да се забрза доколку се одвива на глина каде што има присуство на метали кои, всушност, претставуваат катализатори на оваа реакција.

Со текот на еволуцијата на органските молекули, се формирала мембрана каде во внатрешниот дел се акумулирале најразлични органски и неоргански соединенија. Се претпоставува дека ова се проформи (протоклетки) на првобитните клетки. Опарин ги опишал коацерватните капки кои претставуваат еден вид модел на протоклетки кои хипотетично постепено еволуирале во живи клетки. Првите живи организми кои се појавија на нашата планета биле едноклеточни анаеробни прокариоти слични на денешните млечно-киселински бактерии.

Од прокариотите се формирале и првите едноклеточни еукариоти, од кои се формирале и мултицелуларните организми. Од формирањето на првата клетка до денес, има огромен биодиверзитет, благодарение на еволуцијата на живите организми. Важно е да се напомене дека сите живи организми кои постоеле и постојат на нашата планета водат потекло од еден ист антички едноклеточен предок.

Иако недостасуваат одредени помали делови за да се формира целата сложувалка, сепак овие теории се најверојатни и даваат круцијално сознание за веројатниот настанок на животот на нашата планета. Развојот на науката и технологијата се одвива со енормна брзина и во блиска иднина, ќе дадат подетални одговори преку кои целосно ќе се сфати спонтаниот настанок на животот.

Фотографиите се превземени од:

http://www.pixabay.com

https://www.shutterstock.com/video/clip-26348666-bacteria

АЛУМНИ СТОРИЈА

автор: Алвин Салимовски,
директор на ОУ "Браќа Рамиз Хамид" Скопје и
директор на Здружението за мултиетничко музичко образование "Roma Rock School"

Потекнувам од североисточниот дел на Македонија, просечно семејство, во кое на образованието секогаш му се давало приоритетно значење. Ваквиот однос и разбирање кон образованието, како клучен фактор за индивидуално и професионално оформување на личноста која со своите вештини ќе придонесе во развој на општеството како негова интегрална единка, во мене беше всадено уште во раните детски денови.

Пред сé, со безусловна поддршка од родителите и мојата желба, амбиција и упорност по завршување на средното образование во Крива Паланка, се запишав на Филолошкиот факултет во Скопје, студиска програма германски јазик и книжевност. По завршување на факултетот, се вработив во основното училиште „Браќа Рамиз Хамид" во Шуто Оризари како професор по германски јазик. Во моментот сум запишан и на магистерски студии на Полициската академија.

Работев во неколку приватни училишта за странски јазици, работев со симултан и консекутивен превод од германски на македонски јазик и обратно, како преведувач на материјали и учебници. Воедно држев и индивидуални часови по германски јазик на напредни групи.

Мојот избор беше образованието, желбата за нови знаења, истрајноста, подготвеноста и упорноста да ја постигнам својата цел – професор а веќе и директор на едно од најголемите училишта во Република Македонија. Не ме поколебаа сите неуспеси, туку ме мотивираа успесите и поддршката.

Покрај тоа што сум директор на основното училиште „Браќа Рамиз Хамид" – Скопје, сум и извршен директор на Здружението за мултиетничко музичко образование „Roma Rock School". Здружението е основано 2017 година и работи со музички талентирани деца.

Како професор и директор, секојдневно се сретнувам со исклучиво музички талентирани деца кои немаат услови да посетуваат дополнително музичко образование.

Токму тоа беше мотивацијата и целта за основање на „Roma Rock School", бесплатно музичко образование на талентирани ученици за да се запишат на музичка академија и да се зголеми бројот на Роми со диплома од музичка академија.

По успешно завршениот проект, од септември до декември 2017 година, „Roma Rock School" официјално започна со нов проект „Music Connects: Culture as a Driver for Social Innovation in Former Yugoslavia", од средината на јуни годинава до декември 2020, финансиран од страна на Министерството за надворешни работи на Холандија. Во проектот се вклучени 5 партнерски организации од кои 3 музички школи: Рома Рок Скул, Митровица Рок Скул и Ентерпрајз, Факултетот за Музичка Уметност "Фонтис Рок Академи" од Холандија и "Мјузишнс

Видаут Бордерс“ од Холандија, кои се воедно и подносители и одговорен партнер за спроведување на проектот.

Во текот на проектот ќе се работи на поддршка за изработка на наставни планови од страна на Musicians Without Borders и Fontys Rockacademie, одржување часови за секој инструмент посебно, одржување Бенд секција, организирање на летни школи заедно со бендовите од Митровица, Ентерпрајз и РРС каде што ќе ги вежбаат, снимаат и изведуваат своите оригинални и авторски песни, кулминирајќи на финалниот концерт и обука за пишување на песни.

Во рамки на проектот ќе се снима и краток документарен филм за трите школи и различните бендови и нивната музика а ќе се објави и дистрибуира документарниот филм на филмски фестивали во Југоисточна Европа, како и филмски фестивали во ЕУ.



КОМЕНТИРАМ ЗНАЧИ ПОСТОЈАМ

ГЕНЕРАЦИСКА СРЕДБА НА РОМСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ

автор: Мухамед Ајваз

Различни генерации, професии, ставови, акции и стратегии а сепак сите со една цел - дали тоа е возможно?

Над 60-тина индивидуалци – тековни студенти, алумнисти, активисти, за прв пат, се собраа заеднички да дискутираат за предизвиците со кои се соочија различни генерации и да ги дефинираат идните правци на дејствување.

Од каде доаѓаме, до каде стигнавме и во кој правец се движиме? Дали се движиме во вистинската насока и со каква брзина се движиме, побавно или побрзо од останатите каравани? Што треба да направиме за да се движиме побрзо, какви „возачи“ имавме во минатото, а какви во сегашноста и каква е нивната ефикасност? Што треба да престанеме да правиме, но и кој ќе понесе одговорност, кој ќе ја плати „цената“ за нашето потрошено време и ресурси, движејќи се во погрешен правец?

Ова се само дел од прашањата кои беа отворени на Генерациската средба на ромскиот потенцијал.

Одговорите се движеа во иста насока, но со различна терминологија, начин на изразување и себепретставување и особено различно приоретизирање на проблемите и решенијата.

На средбата се дискутираше за проблемите на заедницата на локално, национално и меѓународно ниво, беа донесени заклучоци и конкретни иницијативи.

Порастот на радикализмот и расизмот во Европа, според дел од учесниците, е главниот предизвик со кој се соочува ромската заедница на меѓународно ниво. Причината за ваквиот тренд произлегува од наративот кој го промовираат екстремните десничарски партии за Ромите – дека се „паразити во општеството склони кон криминални дејствија” и слични изјави, кои со помош на дел од медиумите придонесуваат Ромите честопати да се дискриминирани и обвинувани како причина за нередот во општеството.

Препораките за надминување на овие проблеми беа во насока да се спроведе мобилизација на европско ниво, зголемено застапување и лобирање, креирање позитивен наратив итн. Со слични мерки, учесниците сметаа и дека ќе се подобри видливоста на Ромите на меѓународно ниво.

На ниво на Македонија се дискутираше за граѓанскиот концепт во државата, односно фактот дека сé почесто помалите етнички партии се приклучуваат на поголемите мејнстрим политички партии. Што добиваат, а што губат Ромите со ваквиот тренд во однос на политичкото влијание и моќ? Што да се направи со заминувањето на младите во поразвиените западни земји, кој ќе го води лидерството во Македонија, исто така, беа дел од темите за кои беше отворена дискусија помеѓу учесниците.

Висока политика, граѓанско општество, етнички политички партии или вклучување во поголеми мејнстрим политички партии, фокусирање на градење капацитети од една во друга област, прва, втора и трета стратегија.

Сево ова е одлично, но прашањето е што има од сево ова локалниот жител Орхан со своето шестчлено семејство во своите 20 квадрати?

Вложувањето во сето претходно наведено, резултатите, целите, постигнувањата се огромен чекор напред за ромската заедница, но мнозинството од присутните на Генерациската средба тврдеа, со сиот глас, дека таквиот начин на работење и делување е одличен, но е одличен за креирање на силни индивидуалци.

А што е со локалните граѓани кои се даваат во калта? Еден логичен одговор на ова прашање е решението да се искористат силните индивидуалци за развој на колективитетот, по што следува прашањето - кој гарантира дека силните индивидуалци нема да станат уште посилни, а колективитетот дека само ќе го

промени чамецот, но ќе плива по истата каллива вода?

Сево ова говори околу тоа, дали како заедница треба повторно да вложуваме во градење нови типични лидери кои ќе имаат свои следбеници - послушници или ќе вложуваме во градење на силно граѓанство со лидерски потенцијал за самоорганизирање, преземање акции и без слепа послушност кон лидерот.

За волја на вистината, такво нешто се случи во општината со мнозинство Роми, во којашто група од 20-тина граѓани формираше одбор кој ќе ја застапува изолираната населба-регион која брои над 4.000 граѓани и којашто ќе ја има моќта да застапува и преговара за добробитта на населбата со функционерите.

Но, сепак, на овие групи луѓе (кои поради својот социо-економски статус, лошите услови за живот, немаа можност да се образуваат и вложуваат во себеси) им се потребни лидери кои ги знаат процесите, имаат соодветни вештини и образование и кои ќе соработуваат со овие будни граѓани. Но, овие нови лидери не треба да се обучуваат и воздигнуваат на ниво на митски личности како и претходните, туку акцентот треба да биде ставен на развојот на нивните морални вредности.

Идните лидери треба да бидат луѓе кои ќе имаат одговорност да работат под будното око на граѓаните кои нема да бидат само слепи послушници и треба да бидат лидери кои ќе имаат стратегија на делување наместо ад хок делување.

Неопходно е вмрежувањето и соработката помеѓу локалните лидери, сè со цел, влијанието и на повисоко ниво да биде поголемо за добробитта на целата заедница, бидејќи само на тој начин ромската заедница ќе се движи напред, но со целата површина, а не селективно.

За да се реализира сето ова, потребно е да се искористат искуствата и советите на успешните Роми кои препорачуваат младите да вложуваат во себеси, да волонтираат и да се стекнат со експертиза која потоа ќе ја даваат во своето родно место.

Еден од панелистите препорача младите да не се плашат од грешките, бидејќи така никогаш нема да успеат. Воедно, младите не треба да се плашат да се вклучат во политиката, бидејќи на тој начин ќе ќе добијат можност директно да и помагаат на својата заедница и секогаш да се обидуваат да извлечат максимум за ромската заедница, а не само за сопствените интереси.

Оваа се дел од пораките на оние коишто веќе го изоделе патот до оние кои допрва треба да тргнат по овој пат. Но, дилемата е дали тоа е истиот пат, дали е потежок или полесен, дали се отстранети пречките од оние коишто веќе го изоделе или се двојно зголемени.

Едно е сигурно - патувањето е најсигурно со придружба, во колектив, бидејќи на тој начин шансите за пристигнување на посакуваната дестинација се мултиплицирани.

РОМИТЕ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА!?

автор: Руфат Демиров

Интернет, капитализам, моќни меѓународни организации, сојузи, слабеење на националниот суверенитет, вооружување - разоружување, пријателства – непријателства, глобално цивилно општество, економски детерминизам, диктатура на суровиот глобален пазар, меѓународни трговски врски, мултинационални корпорации, меѓународно право, вестернизација, модернизација, глобално општество на ризик, глобални политики, Обединети нации, човекови права, конвенции, декларации, итн, итн.

Глобализацијата веќе е во сериозна фаза на својот развој. Но, постмодернизмот полека го надминува модернизмот и неговото сфаќање за нацијата, национализмот и националната држава. Националните држави ја губат својата политичка моќ и својот внатрешен и надворешен суверенитет пред машинеријата наречена „глобална економија“. Ризикот присутен во балансот Исток-Запад, веќе неколку децении, го држи светот во мир, но и во тензија. Мигрантските кризи на големо го дрмаат светот и ги доведуваат во прашање успешноста на модерните национални држави и подготвеноста на меѓународните организации за соодветна реакција. Постмодерниот глобален свет се чини дека урива сé што неговиот претходник, модернизмот, успеал да изгради. Дали со глобализацијата ќе се покаже дека национализмот е неуспешен проект? Дали со губење на националистичкото гледање на државата ќе се изгуби фактичката моќ на државите?

Целиот свет веќе е едно „глобално село“. Во вака инсталиран свет, без хиерархија на политичка моќ на глобално ниво, се чини дека државите постојано ќе се во конфликти. Но, не е така. Во светски рамки постои една поинаква констелација на економска и воена моќ. И во вака поставени односи, најбитното нешто што ги оддржува националните држави е нивниот интерес. Рационалистичкото гледање на светот ги определува државите како разумни субјекти, кои водејќи се од својот интерес, стапуваат во разни врски со други држави.

Е сега, каде е местото на ромскиот народ во вака поставениот свет?

Ромите се чини биле пред своето време кога уште пред подемот на глобализмот, самите имале одбивност кон национализмот. Тоа е поради миграциите кои Ромите ги имале во минатото, но и во голема мера, поради трауматичното искуство што го имале со радикалната и екстремна верзија на национализмот во Втората Светска војна. Ромите како големи жртви на нацизмот и фашизмот (кои денес се присутни во реториката на екстремната десница) имаат инсталирано сет идеи кои се косат со идеите на модерниот национализам.

Ако Ромите во својот етос го немаат националистичкиот mindset, тогаш каков е нивниот начин на живот и со која мисла може да се поврзе? Тоа ќе го интерпретирам преку теориите за природна состојба на Томас Хобс и на Жан Жак Русо. Накратко и двете теории даваат објаснување на една замислена, имагинарна, бездржавна состојба. Првиот (антрополошки песимист) ја опишуваа оваа природна состојба како место каде „homo homini lupus est“ („човек на човека е волк“) и каде се води „bellum Omnia contra omnes“ („војна на секој против секого“); место на постојани конфликти и немир. Вториот, преку антрополошки оптимизам, ја опишува бездржавната состојба како пожелна заедница каде човекот живее вистинска слобода.

Преминот од природна во државна состојба се случува преку концептот на т.н. „општествен договор“. Овој договор се склучува премолчено, на две нивоа. Првото ниво е договор на луѓето помеѓу себе кои како рационални битија сфаќаат дека неопходно е да постои политичка заедница со централизирана власт која ќе

ги заштити едни од други. Договор на второ ниво е премолчениот договор помеѓу луѓето и државата. При вториов договор, граѓаните се откажуваат од дел од своите права (пример, право на поседување оружје) во замена за сигурност и безбедност која државата ќе им ја обезбеди.

Гледајќи на овие теории за државата и државноста, ќе се прашаме дали Ромите се дел од политичките заедници и дали Ромите направиле вакви премолчени договори меѓу себе и со државата. Одговорот се крие во фактот што Ромите како етничка заедница не успеале да станат нација и да формираат своја држава по урнекот на општествениот договор. Дали Ромите во минатото сфатиле дека е неопходно да се консолидираат и да оформат своја држава? – Не!

Второто прашање кое се поставува дали Ромите, прескокнувајќи го првото ниво на општествен договор, директно преминале на второто ниво на договор со државата? – Личи дека да! Со тоа што Ромите прифатиле да бидат дел од граѓанството на националните држави (формирани од други народи), тие веќе како да дале согласност државата да одземе дел од нивните права за самозаштита во замена за безбедност и еднаков третман. Значи, со самото тоа што Ромите добиваат државјанство од некоја држава, тие автоматски „потпишале“ општествен договор.

Е сега, најголемиот проблем е следниов: КОЈ ОД ДВЕТЕ ДОГОВОРНИ СТРАНИ ГО ПРЕКРШУВА ДОГОВОРОТ? Реално и двете страни го прекршиле и го прекршуваат договорот. Државата, во делот на неисполнување на даденото ветување за заштита на природните права на сите свои граѓани, а Ромите не го исполнуваат ветеното во моментот кога престануваат да живеаат по правилата за кои се согласиле дека ќе ги почитуваат.

Најважното прашање е КОЈ ПРВ КО ПРЕКРШИЛ ОВОЈ ДОГОВОР? Државата или Ромите? Ако државата во модерна смисла се јавува како политичка формација само пред два-три века, тогаш очигледно авторитарните и тоталитарните режими од дваесетиот век, дополнително придонеле Ромите да престанат да веруваат во легитимитетот на државите и да се вратат да живеат по „свои правила“. Ромскиот закон (Romanipen), кој сé уште живее во некои ромски заедници, е доказ дека дел од Ромите се откажале од вербата во националните држави и се самоорганизирале да живеат во свои микро-средини без формален правно-политички авторитет.

Токму ова живеење на Ромите по моделот на „природна состојба“ е линијата каде се спојуваат ромскиот животен стил со глобалистичкиот концепт на „свет без граници“. Вака гледано, личи дека Ромите по својата природа се пацифисти кои не војувале за територија каде ќе формираат своја формална државност.

Една друга логика може да покаже дека тоа што Ромите биле жртви на нацизмот и фашизмот, како екстремни форми на авторитарна и тоталитарна власт и централизирана држава, придонело тие дополнително да се разочараат од модерната држава и да се затворат во свои микро-средини каде државата нема да интевенира. А немање државна интервенција, истовремено, значи и оставање да се прави што се сака без раката на репресивната држава, но може и да значи хаос и неред во смисла на песимистичката теорија за природната состојба на војна на секој против секого.

Дали Ромите треба да се движат по глобалистичкиот тренд на слабеење на националните држави и да се стремат кон утопистичкиот концепт на „граѓани на светот“? Свет каде политичките односи и интеракција нема да бидат детерминирани од националистичкото припаѓање на некоја држава, туку целокупното општествено живеење се случува под раководство на невидливата рака на глобалниот пазар.

Ромаверзитас започна во август 2001 година како модел на неформално образование, наменет за студенти Роми кои студираат на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија. Ромаверзитас од програма на Фондација Отворено општество - Македонија (ФООМ) премина во Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ од Август 2015 година, финансиран од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Визија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која е препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, кои ја застапуваат ромската заедница и се активно вклучени во процесите на креирање и донесување на јавни политики на локално и национално ниво.

Мисија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која активно работи за зајакнување на личните и академските капацитети на средношколците, студентите и младите Роми во Република Македонија, преку обезбедување на академска и неформална поддршка, како и поддршка за личен развој.

Цели на проектот „Ромаверзитас - со поддршка и развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“:

- Да се зголеми вклученоста и квалитетот во вклучувањето на матурантите Роми на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија;
- Да се поддржат студентите Роми на додипломски студии во одржливоста на нивните студии, нивниот премин во следен семестар, нивните академски постигнувања и нивното навремено дипломирање;
- Да се поддржи личниот и професионалениот развој на студентите Роми на додипломски и постдипломски студии, и РОМАВЕРЗИТАС Алумни;
- Да се потикне и поддржи формирање на мрежа на млади Роми, како и нивно учество и активизам во сферата на високото образование;
- Да се потикне и поддржи зајанувањето на ромскиот идентитет на корисниците на проектот.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот, се обезбедени од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

romaversitas macedonia

ROMA EDUCATION FUND

Изнесените мислења и ставови во ова електронско списание не го одразуваат ставот на организацијата и донаторот.
© Здружение на граѓани РОМАВЕРЗИТАС Македонија, 2018